**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**АГЕНЦИЈА**
**ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА

# П Р О Г Р А М А Т А

# ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО, КОНКУРЕНТНОСТА И ИНОВАТИВНОСТА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО 2014 ГОДИНА

**За 2014 година**
**(јануари – декември 2014)**

**Скопје, јануари 2015**

ИДЕНТИФИКАЦИСКА КАРТА

| | |
|---|---|
| Назив: | Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија - АППРМ |
| Адреса: | Кеј Димитар Влахов 4, Скопје |
| Основач: | Влада на Република Македонија |
| Ресорно министерство: | Министерство за економија |
| Директор: | Мустафа Мандал |
| Управен одбор: | Ванчо Гроздановски – претседател<br>Александар Ивчевски – член<br>Елена Патровска - член<br>Гоце Цветковски - член<br>Имерали Бафтијари - член |
| Партнери на АППРМ: | Министерство за економија<br>Министерство за труд и социјална политика<br>Министерство за образование и наука<br>Министерство за финансии<br>Стопанска комора на Република Македонија<br>Сојуз на стопански комори<br>Стопанска комора на северо-западна Македонија<br>Државниот завод за статистика<br>Централен Регистар на Република Македонија<br>Агенција за вработување на Република Македонија<br>Национален совет за претприемништво и конкурентност<br>Регионални фондации за развој на МСП во Скопје, Куманово, Велес, Струмица и Битола<br>ЕСА Агенции во Тетово, Гостивар и Охрид<br>Инкубатори за поддршка на малото стопанство<br>Други претприемачки центри ( Евро Центар - Свети Николе, Ромскиот Деловен Информативен Центар од Скопје, Стопанска - Комора на Северо-Западна Македонија, Занаетчиска Комора на град Скопје, Занаетчиска комора на Македонија, Стопанска Комора на Македонија, МИР - Фондација за менџмент и индустриско истражување )<br>SPARK - Холандија<br>SINTEF – Норвешка<br>JICA - Јапонија<br>Конзорциум - Европски информативен и иновативен центар Македонија - Европска Комисија (EIICM) |

# Кратенки

| | |
|---|---|
| АППРМ | Агенција за поддршка на претприемништвото на Р. М. |
| МЕ | Министерство за економија |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| УНДП | Програма за развој на Обединетите Нации |
| ОДП | Организации за Деловна Поддешка |
| ЕЕН | Европска мрежа на претпријатија |
| МИС | Менаџмент информативен систем |
| ПСВ | Помош за самовработување |
| ИПА | Претпристапни фондови |
| АВРМ | Агенција за вработување на Република Македонија |
| ЦВ | Центри за вработување |
| JICA | Јапонска агенција за меѓународна соработка |
| МИР | Фондација за менаџмент и индустриско производство |
| SINTEF | Истражувачка организација од Скандинавија – Норвешка |
| ВСС | Ваучерски систем на советување |
| РЦ | Регионален центар |
| ЕСА | Агенција за помош на претпријатијата |
| TACME | Проект за техничка помош за развој на МСП |
| МСП | Мали и средни претпријатија |
| НАССР | Систем за производство на безбедна храна |
| ГТЗ | Германско друштво за техничка соработка |
| ПРЕДА | Регионална развојна агенција на Пелагонија ПРЕДА |
| БП | Бизнис план |
| ХРДФ | Фонд за развој на човечки ресурси |
| МАСИТ | Македонска асоцијација за информатичка технологија |
| СЕП | Секретаријат за европски прашања |
| МБПР | Македонска Банка за поддршка на Развојот |
| МРФП | Македонска Развојна Фондација за Претприемништво |
| YES Inkubator | Инкубатор за млади претприемачи |
| СКСЗМ | Стопанска комора на северо западна Македонија |
| АСИРМ | Агенција за странски инвестиции на РМ |
| ССКМ | Сојуз на Стопански комори на Македонија |
| ЕБА | Европска бизнис асоцијација |
| ЦЕЕД | Центар за развој на претприемачи и менаџери |
| БСЦ | Центар за развој на бизниси |
| АМПТ | Активни мерки на пазарот на трудот |
| ОПВ | Оперативен план за вработување |
| РП | Рамковна програма |
| ЦИРКО | Центар за истражување, развој и континуирано образование |

**МИСИЈА**

Развој на претприемништвото и малото стопанство во Република Македонија преку реализација на приоритетни проекти кои ги отсликуваат:

- Вистинските подрачја на интервенција согласно искажаните реални потреби на малото стопанство, и
- Владината Програма за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија.

**ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ**

- Деловно поврзување во земјата и странство,
- Прибирање, обработка и доставување на информации релевантни за МСП секторот,
- Воспоставување и оддржување на база на податоци и електронска поврзаност помеѓу регионалните центри за поддршка на претприемништвото,
- Реализација на програми од областа на едукацијата, тренингот, обуките и консултантски услуги за МСП секторот,
- Организирање трибини, конференции и бизнис форуми,
- Спроведување програми за соработка со земјите од регионот и пошироко,
- Спроведување останати домашни развојни проекти,
- Финансиска поддршка на МСП преку субвенционирано советување (ваучери),
- Кофинансирање развојни проекти во соработка со домашни и странски инвеститори и донатори.

# С О Д Р Ж И Н А


1. Активности и проекти според програма на АППРМ (подпрограма 40) .................................. 6

1.1 Ваучерски систем на советување ...................................................................................... 6

1.2 Инфо пулт проект во соработка со регионалните центри ................................................ 12

1.3 Претприемачко образование ............................................................................................ 14

1.4 Организирање на обуки за подготовка на бизнис план ................................................... 14

1.5 Организирање на обуки за наставници/професори кои го предаваат предметот претприемништво и бизнис ........................................................................................................ 17

1.6 Организирање на обука за студенти за подготовка на апликации за конкурирање за работа ........................................................................................................................................ 18

1.7 Кофинансирање на Европска недела на МСП ................................................................. 18

1.8 Промоција на доживотното учење ..................................................................................... 19

1.9 Организирање на обуки за локални консултанти ............................................................. 21

1.10 Организирање на обуки за малите и средните претпријатија ....................................... 23

1.11 Подготовка на годишен извештај – Обсерваторија за МСП .......................................... 24

1.12 Кофинасирање на донаторски проекти ........................................................................... 25

2. Активности на АППРМ кои не се опфатени со Програмата 2014 ......................................... 25

2.1 Активни политики за вработување за 2014 година .......................................................... 25

2.1.1 Програма за самовработување со грант ..................................................................... 26

2.1.2 Поддршка за самовработување со кредитирање ........................................................ 31

2.2. TEMPUS-DOCSMES ............................................................................................................ 32

2.3. Механизам за забрзување на иновации во Југоисточна Европа (ФИННО) ..................... 32

2.4. VIBE (Venture Initiative in the Balkan Europe) ..................................................................... 33

2.5. Семинари, обуки, тренинзи ................................................................................................. 33

2.6 Друго ........................................................................................................................................ 36

3. Финансиски извештај ................................................................................................................ 45

## ВОВЕД

Во согласност со член 19 од Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништво на Република Македонија (Сл.весник бр. 60/03, 161/09, 171/10, 41/14), Агенцијата е должна за своето работење и користење на средства да поднесува извештаи до Министерството за економија најмалку два пати годишно и Годишен Извештај до Владата на Република Македонија до 31 јануари за претходната година.

Во извештајот кој го опфаќа периодот јануари - декември 2014 година, Агенцијата за поддршка на претприемништвото, врз основа на оперативниот и финансовиот план за 2014 година, ги реализираше во континуитет предвидените оперативни активности за овој период кои произлегуваат од Програма за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2014 година, односно активностите и проектите кои се реализираат преку АППРМ (подпрограма 40).

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13 и 139/14 ) Владата на Република Македонија, на седница одржана 14 јануари, 2014 година ја донесе Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2014 година, (објавена во Службен весник на РМ бр. 8 од 14.01.2014 година).

## 1. Активности и проекти според програма на АППРМ (подпрограма 40)

### 1.1 Ваучерски систем на советување

Програмата за ваучерско (субвенционирано) советување нуди подршка на потенцијалните претприемачи и на постојни претпријатија кои сакаат да реализираат некоја бизнис идеја. Ваучерскиот систем на советување го подржува обезбедувањето услуги на советување и развој на деловна активност во форма на плативи ваучери. Ваучерите им дозволуваат на корисниците да изберат овластени советници според мониторингот и методологијата одобрена од АППРМ.

Помошта за самовработување се обезбедува бесплатно на невработените, додека поддршката за МСП е во вид на соодветен грант, односно 50% учество на клиентот и 50% субвенција. Во извештајниот период беа реализирани следниве активности:

- Извештај за реализацијата на оваа програмска активност во 2013 година,
- Измени и дополнување на web за консултанти,
- Избор на организации за деловна поддршка кои во месец мај, врз основа на договори, беа вклучени за реализација на програмската активност „Ваучерскиот систем на советување", во 2014 година при што се реализираше:
    - подготовка и објавување на јавен повик во јавните гласила,
    - подготовка на придружна документација кон јавниот повик,

- подготовка на методологија за оценување на апликациите кон јавниот повик,
- оценка и предлог на Комисијата за избор доставен до директорот на АППРМ за избор на 7 ОДП, од вкупно 8 пријавени на Јавниот повик,
- припрема и потпишување на договори со 7 избрани ОДП,
- почеток на имплементација на Програмата од март 2014 година.

Резултати во ВСС за овој извештаен период (март - 30 декември 2014 година) се следни:

- Вкупно издадени - 46 ваучери за 27 клиенти на вкупен износ од 706.695,00 денари,
- За потенцијални претприемачи издадени се 19 ваучери за 12 клиенти на вкупен износ од 162.900,00 денари,
- За постојни претпријатија издадени се 27 ваучери за 21 клиент во вкупен износ од 543.795,00 денари, а реализирани се 26 ваучери за 20 клиенти, однсоно еден ваучер на износ од 30.000,00 денари не беше реализиран поради изминување на рокот на важноста.

За административна надокнада на ОДП кои ја и имплеменираат ваучерската програма на регионално ниво планирани беа околу 20% од вкупниот износ на субвенцијата или околу 135.000,00 денари, а исплатени се точно 134.661,00 денари. Надокнадата на ОДП е регулирана со посебни нормативи кои се дел од Прирачникот на процедури и Договорите за реализација на програмата кои се склучуваат со секоја ОДП поединечно.

Резултатите во извештајниот период во однос на вклучени клиенти и издадени ваучери се добри со оглед дека во поголем дел од овој извештаен период сите изведувачи на програмата за Ваучерско советување беа ангажирани во реализација на Програмата на Владата на РМ за Самовработување, при што исто така се издаваа ваучери за невработени лица[1]. Резултати за овој период се како следи:

| | **КЛИЕНТИ** | | | **ВАУЧЕРИ** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ОДП | Потенцијални претприемачи | МСП | Вкупно клиенти | Потенцијални претприемачи | МСП | Вкупно ваучери |
| ЕСА Тетово | 0 | 4 | 4 | 0 | 4 | 4 |
| РЦ Куманово | 0 | 5 | 5 | 0 | 5 | 5 |
| РЦ Скопје | 5 | 6 | 11 | 5 | 10 | 15 |
| РЦ Битола | 0 | 2 | 2 | 0 | 2 | 2 |
| ЕСА Охрид | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 | 2 |
| РЦ Велес | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 |
| РЦ Струмица | 7 | 2 | 9 | 14 | 3 | 17 |
| | **12** | **21** | **33** | **19** | **27** | **46** |

[1] Во програмата САМОВРАБОТУВАЊЕ, односно Промовирање на одржливи вработувања издадени се 1051 ваучер за невработени лица

Статусот, односно состојбата со изделените ваучери за време на извештајниот период е следен:




Вкупниот досегашен број на издадени ваучери и односот според целните групи и вкупниот износ може да се од следните графикони:




Резултатите покажуваат дека за разлика од изминатите години учеството на невработените како целна група во Ваучерската програма бележи мало зголемување, од причина што преку Ваучерската програма се поддржаа првите пет најуспешни бизнис планови од мерката натпревар за бизнис план која ја реализираа Министерството за економија и Агенцијата за поддршка на претприемништвото.

Во целост интересот на невработените лица за вклучување во ваучерската програма останува низок, од причина што лицата вклучени во Програмата на Владата на РМ за активни мерки и политики на вработување, покрај советодавниот дел кој го опфаќа Ваучерската програма, може да добијат и грант средства во висина од 185.000,00 денари.

Ова директно влијае на намалениот интерес од клиентите за учество во Програмата за ваучерско советување при АППРМ, но бидејќи АППРМ преку Ваучерската програма е интегрален дел од Програмата на Владата на РМ може да се заклучи дека ефектите се постигнати.

Кога ќе се земе во предвид вкупниот број на ваучери и вкупниот број на клиенти вклучени во Програмата на ВСС, се забележува дека за секој клиент невработено лице во просек се издаваат во просек 1,58 ваучери, а за постојните претпријатија 1,29 ваучери по клиент што претставува зголемување во однос на изминатата година кога се издаваа по еден ваучер за еден клиент.

Имајќи го во предвид вкупниот износ за реализираните ваучери од 696.795,00 денари и вкупниот број на реализирани часови на советување од 1137 часа од кои 746 специјалистички и 391 генералистички доаѓаме до просечна цена на советнички час од 613,00 денари што одговара на условите и пазарот на консултантски услуги во Република Македонија.

Просечниот износ сметан по ваучери и по клиенти може да се види од следниот графикон:




Состојбата одделно за секоја целна група, односно МСП и потенцијални претприемачи (невработени лица) е следна:







Може да се забележи дека со оглед на посложениот процес на советување кај малите и средните претпријатија износот на субвенцијата е за два ипол пати поголем од износот кај невработените лица и изнесува околу 350 ЕВРА, што заедно со учеството на МСП советодавната интервенцијата изнесува во просек 700 ЕВРА.

Во однос на користењето на советодавните услуги (специјалистички или генералистички) од страна на клиентите состојбата е следна:

Во однос на користењето на советодавните услуги (специјалистички или генералистички) од страна на клиентите состојбата е следна:

**Реализирани ваучери според ангажирани средства**




**Реализирани ваучери според вид на советници**




Од горенаведените графикони забелелжливо е дека и покрај тоа што бројот на реализирани советувања од страна на советници генералисти е 25 реализирани ваучери или 54%, наспроти 21 ваучери или 46% ваучери реализирани од страна на советници специјалисти, во случај кога се набљудуваат средствата кои се ангажирани за советниците односот се менува на 36% реализирани ваучери од страна на советници генералисти и 64% од специјалисти.

Ова се должи на фактот специјалистичките услуги се по обемени, а со тоа и бараат ангажирање на поголеми финансиски средства за разлика од услугите од страна на советници-генералисти.

За 21 ваучер реализирани од страна на специјалисти резервирани се 444.795,00 денари, а за 25 ваучери реализирани од страна на генералисти резервирани и платени се 252.000,00 денари, односно просечен ваучер за ангажирани специјалисти изнесувал 21.180,00 денари, а за генералисти 10.080,00 ден.

Во следните графикони дадени се видот на побараните и добиени советодавни услуги според подрачја на советување и вид на советување:

**Подрачја на советување**



**Вкупно советувања во ваучерската програма**




Веднаш се забележува дека и понатаму најбарана услуга е помош во изработка на деловен план и помош околу регистрација на фирмите, додека другите услуги сеуште не се доволно застапени, што наложува да се вложат уште поголеми напори во промоција на програмата во целост и многу повеќе средства од досегашните.

Како и минатата година позитивно е зголеменото барање од страна на МСП за воведување на системи за квалитет, пред се ISO стандардите, односно ИСО 9001, ИСО 14001 и ОХСАС 18001 е исто така барана и користена од страна на МСП.

Другите услуги се уште не се доволно застапени, што наложува да се вложат уште поголеми напори во промоција на програмата во целост, што подразбира и многу повеќе средства од досегашните. Треба да се напомене дека со оглед на скромната сума за субвенција која се одобрува за Програмата на ВСС и малата промоција, квалитетот на реализираните проекти е на завидно ниво кое секако со ангажирање на поголем број консултанти постојано ќе се подобрува и подигнува.

Во овој извештаен период, од вкупните одобрени средства за оваа програмска активност во износ од 900.000,00 ден. реализирани се 861.158,00 денари од кои платени се субвенции во висина од 676.695,00 ден., административна надокнада за изведувачите во висина од 134.661,00 денари и промотивни активности во висина од 49.802,00 денари, а не се реализирани активности во висина од 38.842,00 денари, односно не е реализиран еден ваучер.

## 1.2 Инфо пулт проект во соработка со регионалните центри

Целта на проектот „ИНФО ПУЛТ” е поврзување на институциите на системот како носители на економската политика и стратегија со малите и средни претприемништва, односно како носители на економскиот развој.

Претприемачите и потенцијалните основачи на нов бизнис од страна на Организациите за деловна поддршка можат да добијат најразлични информативни услуги и конкретни информации за малото стопанство како:

- Информирање за можните форми и институции за обука на претприемачи;
- Информации од областа на деловната помош и финансирање,
- Информации за потенцијалната консултантска помош за решавањето на конкретните проблеми во работењето;
- Информации за можностите за инвестирање во регионот, извозните можности, бизнис контакти и други информации и совети;
- Информации за можностите за учество и аплицирање во домашни, странски и меѓугранични проекти;
- Информации, обуки и совети за лицата опфатени со Програмата на Владата на РМ за поддршка на самовработувањето во текот на првата година од работењето на фирмата;
- Информации за извори на финансирање;
- Информации за саеми, трговски мисии и бизнис форуми во земјата и странство;
- Други деловни информации и интернет истражувања.

Во текот на извештајниот период беше реализиран избор на организации за деловна поддршка кои започнаа со реализација на програмската активност „ИНФО ПУЛТ” за 2014 година, при што се реализираше:

- подготовка и објавување на јавен повик во јавните гласила,
- подготовка на придружна документација кон јавниот повик,
- подготовка на методологија за оценување на апликациите кон јавниот повик,
- оценка и предлог на Комисијата за избор доставен до директорот на АППРМ за избор на 9 ОДП,
- припрема и потпишувањена договори со 9 избрани ОДП,
- почеток на имплементација на Програмата од 10.03.2014 година.

| Р.бр. | Центар | Град | Број на клиенти |
|---|---|---|---|
| 1 | Стопанска Комора на Македонија | Скопје | 64 |
| 2 | ЕСА Охрид | Охрид | 64 |
| 3 | ЕСА Тетово | Тетово | 64 |
| 4 | Р.Ц. Битола | Битола | 64 |
| 5 | Р.Ц. Куманово | Куманово | 64 |
| 6 | Р.Ц. Скопје | Скопје | 64 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7 | Р.Ц. Струмица | Струмица | 64 |
| 8 | Р.Ц. Велес | Велес | 64 |
| 9 | Занаетчиска комора | Скопје | 64 |
| | **ВКУПНО:** | | **576** |

Како што може да се забележи заклучно со декември 2014 година вкупно биле вклучени 576 клиенти во 9 Инфо центри. Бројот на информативно советодавни услуги дадени на клиентите се движи според планираното. Најголем број на клиенти се обратиле за некаков вид информација во регионот на град Скопје од причина што на територијата на град Скопје делуваат 3 организации што даваат ваков вид на услуги, додека останатите региони се подеднакво застапени.

Во делот на побараните информации од клиентите состојбата е следна:

| **Вид на побарана информација** | |
|---|---|
| БЦД профили | 11 |
| Бизнис поврзување | 61 |
| Друго | 45 |
| Форми и институции за обука | 24 |
| Интернет истражување | 16 |
| Извори на финансирање | 65 |
| Можности за инвестирање во регионот | 4 |
| Препорака за кредит | 5 |
| Промоција на претприемништвото | 119 |
| Саеми, трговски мисии и форуми | 47 |
| Технички стандарди совети | 29 |
| Тековни проекти | 16 |
| Ваучерско советување | 44 |
| **Вкупно** | **486** |

Регионално гледано состојбата со клиентите во Инфо Пулт проектот во текот на 2014 година може да се види од следниот графички приказ:

**Преглед на клиенти по региони**




Во овој извештаен период, од вкупните одобрени средства за оваа програмска активност во износ од 300.000,00 исплатени се средства во висина од 299.520,00.

## 1.3 Претприемачко образование

Националниот центар за развој на иновации и претприемачко учење во периодот од 27.3.2014 година до 25.5.2014 година организираше 5 еднодневни работилници за промоција на претприемништвото и подигање на свеста за претприемништвото кај младите луѓе. На работилниците присуствуваа над 150 млади луѓе, ученици и студенти. Модератори и предавачи на работилниците беа Проф. Д-р. Радмил Поленаковиќ, асс. м-р Бојан Р. Јовановски и асс. м-р Трајче Велковски. Меѓу другото на самите работилници се презентираа Европските политики за развој на иновативноста и претприемачкиот дух кај младите, Македонија и развојот на претприемачкиот дух и иновативната култура, основните принципи на претприемништвото како и за клучните претприемачки вештини. Покрај теоретската основа, за добивање претстава за реалната состојба во бизнис секторот, на секоја работилница беше поканет по еден успешен претприемач кој на присутните им ја претстави својата патека од идеја до успех. Присутни беа Александар Попов - сопственик на „Глобал Медија“, м-р Митре Арсовски – сопственик на „АРВИК“, д-р Драган Шутевски – сопственик на „Шутевски Консалтинг и Нина Ангеловска – сопственичка на „Вебспот“.

Обуките беа организирани во соработка со Правниот факултет и Машинскиот факултет двата при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Студентската организација ЕСТИЕМ локална група Скопје, Студентскиот парламент, Студентската организација БЕСТ.

## 1.4 Организирање на обуки за подготовка на бизнис план

Поттикнувањето на претприемништвото и малите и средните претпријатија, во принцип, резултира во подобрувањето на економијата како целина, влијание врз намалувањето на невработеноста и претставува важен креатор на општествениот производ. Заради тоа, Владата на Република Македонија, во континуитет работи во насока на поддршка на креирањето на нови и проширување на постојните мерки кои придонесуваат за започнување на бизнис и за зголемување на бројот на нови и иновативни претпријатија.

Една од тие мерки е и Проектот **„Организирање на натпревар за започнување на бизнис“**, под мотото **„Биди перспективен започни свој бизнис“**, во чија реализација беа вклучени Министерството за економија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за образование и наука, Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“, Државниот Универзитет во Тетово, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, Бирото за развој на образованието и Бизнис старт-ап центарот при Машинскиот факултет. Номинирани претставници од наведените институции ја сочинуваа Комисијата за подготовка на јавен повик и за евалуација и избор на најдобар бизнис план.

Овој проект имаше за цел поттикнување на претприемничкиот дух и овозможување на студентите и младите претприемачи да се здобијат со поголеми знаења за тоа што значи да се биде претприемач и како крајна цел да се започне сопствен бизнис.

Активностите на проектот беа дефинирани во временска рамка. Право на учество имаа студенти и млади претприемачи на возраст од 18 до 30 години. Во таа

смисла, беше објавен јавен повик на кои аплицираа сите заинтересирани студенти и млади пртеприемачи. Посебна Комисија номинирана од Владата на РМ изврши евалуација на доставените бизнис идеи и направи избор на 40 најдобри.

Јавниот повик кој беше подготвен од Секторот за претприемништво и конкурентност на МСП, а усвоен од Комисијата, беше објавен во два дневни весника (Дневник и Коха) на 01.02.2014, како и на веб страните на Министерсвото за економија и на konkurentnost.mk. Рокот за аплицирање со бизнис идеи беше до 15 март 2014 година.

Студентите и младите претприемачи чии идеи беа избрани поминаа низ обука составена од 13 модули со цел да бидат адекватно оспособени за преточување на нивните идеи во бизнис план. Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија реализираше обуки за подготовка на бизнис план согласно Акцискиот план и средствата во износ од 200.000 денари во рамките на сопствениот буџет за 2014 година.

Во таа смисла, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ во соработка со Универзитет Св. Кирил и Методиј - Машински Факултет од Скопје, организираа обуки за учесниците во натпреварот за најдобар бизнис план во текот на месец мај 2014 година. На обуките присуствуваа 40-тина млади лица кои се пријавија за учество на натпреварот. Темите кои беа обработени беа структурирани во 13 модули, а учесниците беа поделени во 2 групи.

Подготвените модули имаа за цел да им помогнат на кандидатите во започнувањето-водењето на својот бизнис со следниве наслови: Наоѓање на бизнис идеја; Од идеја до бизнис – интеграција; Подготовка на бизнис план; Развој на производ – услуга; Маркетинг анализа и продажба; Интернационални пазари; Стратегија - организација и планирање на ресурсите; Правни прашања; Бизнис и менаџмент вештини; Финансирање и финансиско планирање; Сметководствени прашања; Франшиза; Управување со времето и Практична обука - симулација на вистинска фирма.

По завршувањето на обуките учесниците, покрај тоа што се стекнаа со сертификат за посетување на обуките за подготовка на бизнис план, тие се оспособија да ја разберат потребата од бизнис план, да ја разберат структурата на бизнис планот за својата бизнис идеја и да можат да ги идентификуваат и критички оценат важните аспекти за нивниот бизнис.

Покрај теоретскиот дел, секој модул беше составен од реални примери преку симулација на реални случаи и проблеми или преку презентации од страна на гости предавачи претставувајќи ги искуствата од следните организации:

- Вебспот ДОО – искуства за поставување на бизнис модел за стартап компанија и поставување на успешен систем за комуникација со корисници за случајот на Групер.мк,
- Се за роденден.мк – искуства за брендирање и маркетинг,
- Берин ДОО – можности за заштита на интелектуалната сопственост,
- Агенција за вработување на Република Македонија – презентација на владините мерки за поддршка на самовработувањето, но и презентација на

дополнителните услови за прифаќање волонтери и вработување на лица помлади од 29 години,

- Ефпал консалтинг – сметководствени и правни аспекти за започнување и водење сопствен бизнис
- Тјунинг центар ДОО – користење на социјалните медиуми и интернет маркетинг за рапидно зголемување на бројот на корисниците

Во последната недела од месец јуни оваа година беше распишан јавен повик за аплицирање со изработени бизнис планови. Јавниот повик траеше до 15.09.2014 година. Право на аплицирање со изработен бизнис план имаа сите кои сакаа да учествуваат на натпреварот, без разлика дали учествувале на обуките.

После преточувањето на идеите во конкретни бизнис планови студентите и младите претприемачи конкурираа со нивните бизнис планови кои беа предмет на евалуација од страна на комисијата за евалуација. Критериуми за селекција на бизнис идеи беа следните :

- Иновативни 40%
- Профитабилни 30%
- Изводливост 30%

Резултатот од оценувањето на Комисијата за евалуација и избор на најдобар бизнис план согласно следните критериуми:

| Критериум | Вредност % |
|---|---|
| Изглед на насловна страна | 2 |
| Резиме | 5 |
| Опис на производите и/или услугите | 10 |
| Анализа на пазарот и индустријата (по модел на Мајкл Портер) | 13 |
| SWOT анализа | 8 |
| Опис на системите на маркетинг и дистрибуција | 8 |
| Опис на производниот/услужниот процес | 10 |
| Менаџмент на човечки ресурси | 5 |
| Организација на фирмата (сектори, структура,...) | 3 |
| Финансиски план | 13 |
| Изводливост на бизнисот | 13 |
| Иновативност на бизнисот | 10 |

Беа избрани 10 најдобри бизнис планови кои влегоа во финале, односно беа презентирани од страна на самите апликанти избраните бизнис планови пред Комисијата која имаше можности да поставува и прашања. Комисијата повторно ги оцени презентациите на избраните бизнис планови и соглано остварените бодови беа избрани најдобрите пет бизнис планови.

Целиот проектен циклус заврши со прогласување на победниците на свечена церемонија. Притоа победниците ги добија слените награди:

- Прво место 330.000 денари
- Второ место 230.000 денари
- Трето место 130.000 денари
- Четврто место 100.000 денари
- Петто место 60.000 денари

Од страна на директорот на АППРМ победниците добија Потврда за користење на ваучер за советодавни услуги, односно општа помош при регистрација на претпријатие.

Искуството покажа дека настаните од овој вид несомнено генерираат многу проектни предлози кои имаат потенцијал за развивање во бизниси. Сите млади луѓе кои земаа учество во обуката и подготовката на бизнис план, без разлика на успехот кој го постигнаа, веќе имаат многу предности во однос на нивните соработници, колеги, соученици.

## 1.5 Организирање на обуки за наставници/професори кои го предаваат предметот претприемништво и бизнис

Во периодот од 27.3.2014 година до 25.5.2014 година, Националниот центар за развој на иновации и претприемачко учење организираше две еднодневни обуки за наставници и професори кои го предаваат предметот „иновации и претприемништво" во прва, втора и трета година, предметот "бизнис и претприемништво" во средните училишта, како и за наставниот и соработничкиот кадар на државните факултети. На оваа еднодневна обука присуствуваа повеќе од 100 учесници. Обуката беше одржана во просториите на Машинскиот факултет во Скопје. Како што беше очекувано, значајно поголем интерес беше пројавен од страна на професорите од средните училишта.

Обуката беше конципирана во две одделни сесии, теоретски дел и дискусија за потребните промени во наставните програми.

Настанот беше модериран од страна на Проф. Радмил Поленаковиќ кој е дел од тимот кој ги развил овие наставни програми во соработка со Бирото за развој на образование. Во првата сесија проф. Радмил Поленаковиќ ги презентираше насоките и идните планови на Владата за воведување на претприемништвото во образовните институции во Република Македонија. Голем број од наставниците кои го предаваат предметот претприемништво и иновации имаа забелешки за наставната програма која е воведена во прва, втора и трета година во средните училишта. Забелешките и коментарите од предметните наставници ќе бидат презентирани на следниот состанок кој ќе се одржи со Бирото за развој на образованието и дел од забелешките ќе бидат имплементирани во следните наставни програми. Во втората сесија од обуката на наставниците беше поканет предавачот м-р Ивана Станковска дипл. елек. инж., магистер во областа на Е - бизнис и иновации при Универзитетот во Ланкастер, Обединето Кралство која одржи обука за е - маркетинг опфаќајќи ги модерните алатки и инструменти за

организирање на е-маркетинг во компанија и трендовите во развојот на областа. Оваа тематика која е доста актуелна во светски рамки беше нова за поголем дел од наставниците и професорите и предизвика голем интерес кај поголем дел од нив. Во рамките на втората сесија, во завршниот дел од обуката проф. Поленаковиќ ги презентирање резултатите од најновите истражувања и светски практики за зголемување на креативноста на учениците.

## 1.6 Организирање на обука за студенти за подготовка на апликации за конкурирање за работа

Во периодот од 27.3.2014 година до 25.5.2014 година година, во соработка со студентските организации и на технички факултети на УКИМ, во просториите на Машинскиот факултет во Скопје беа одржани 5 еднодневни обуки на тема "Обука за студенти за подготовка на апликации за конкурирање за работа.''

На обуките беа присутни околу 150 студенти на кои им беше презентирано кои се потребните документи при аплицирање на работа како што се (мотивациско писмо и резиме), но и им беа претставени и алатки за планирање на процесот на барање на работа. Главната цел на обуката е подигнување на свеста на младите луѓе за кариерно планирање и правилен кариерен развој, што покрај нудењето на моност за повисоки кариерни дострели, значително ја зголемува нивната способност за прилагодување во реални ситуации. Ова придонесува до побрза апсорпција на студентите од страна на пазарот на трудот, што всушност намалува еден од најголемите проблеми посочени од страна на бизнис секторот, а особено на малите бизниси кои не можат да си дозволат дополнителна едукација на кадарот.

За време на обуката присутните научија како се подготвува мотивациско писмо, како се подготвува резиме, исто така беа прикажани видовите на урнеци кои постојат како и што информации треба да содржат истите. На присутните им беше врачен примерок од прирачникот „Како се бара работа" во издание на „Националниот центар за развој на иновации и претприемничко учење" и им беше понудена индивидуална поддршка за специфични апликации за работа.

## 1.7 Кофинансирање на Европска недела на МСП

Европскиот ден на претприемачот е главен настан за претприемништвото кој се одржува во земјата на кој се собираат претприемачите и сите заинтересирани институции, односно организации кои работат во насока на развојот на претприемништвото, размена на знаењата, воспоставување контакти, препознавање и поттикнување на претприемачкиот дух.

Главната цел на настанот претставува промовирање на претприемништвото на локално и меѓународно ниво, како и придонес во поттикнување на претприемништвото во Европа.

Во рамките на настанот „Европски ден на претприемачот & Европска недела на мали и средни претпријатија“ што се одржа на 29.10.2014 година во хотел Александар Палас во Скопје, АППРМ активно се вклучи во организацијата, логистиката, водењето и учество во сесијата со наслов: „Одржливиот развој и конкурентноста на малиот бизнис“. На сесијата учествуваа четири презентри со следните теми:

*1. Стратегиско планирање за оддржлив развој,* Доц. д-р Стојан Дебарлиев,

Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј’’ во Скопје, Економски Факултет – Скопје, наставно-научна област по организациски науки и управување (менаџмент) по предметот Деловно планирање,

*2. Управувањето со знаењето во организациите – значаен чинител во нивниот одржлив развој и конкурентноста*, М-р Вера Бошковска, директор на Јавна Установа „Универзална Сала“ Скопје,

*3. Конкурентност преку одржливост и корпоративна одговорност со ограничени ресурси,* Дражен Котески, Ко-сопственик и Директор на продажба и маркетинг во „ДОНИА“ ДОО - Прилеп.

*4. Управување со промените – основа за одржлив развој и конкурентност на малиот бизнис,* Д-р Љубиша Николовски, Никола Таневски, АППРМ

За сесијата изразија интерес и присаство преку 30 претпријатија, институции и консултанти.

Презентациите на сесијата беа поставени на веб страната на АППРМ.

Во рамките на овој настан беа одржани и следните сесии:

- СЕЕИТА & МАСИТ Open days - МАСИТ
- “Бизнис инкубатори и старт-ап центри за развој на мали и средни претпријатија“ - Град Скопје
- „Примена на ИТ иновации во бизнис секторот“ - Фондација Конрад Аденауер

**1.8 Промоција на доживотното учење**

Во периодот август – септември 2014, тимот тренери на Здружение за едукација и проектирање СПЕЦ - Едукативнопроектен центар Скопје, кои беа ангажирани за подготовка и спроведување на мерките за промоција на доживотното учење, во периодот август – септември 2014, реализираа серија од две еднодневни работилници за концептот и значењето на доживотното учење, како и аспектот и улогата на доживотното учење во претприемништвото во република Македонија. Работилниците се одржаа во Штип и Скопје, а презентери беа: м-р Маја А. Трпевска и м-р Билјана Мојсовска.

Целта на овие обуки беше информирање на учесниците – претставници на различни државни и невладини институции, студенти и претставници на мали и средни претпријатија, за концептите, улогата и значењето на доживотното учење, како и за неговата улога за градење и јакнење на човечкиот капитал и неговата пресудна улога за воспоставување на општества кои учат и општества базирани на знаење.

Преку теоретски инпут и практични примери од добрата пракса од Европа и светот, на учесниците на овие обуки им беше даден детален увид во концептите на доживотното учење и оваа проблематика беше разгледувана од различни аспекти, се со цел колку што е можно попластично да се допре до суштината на доживотното учење кое и во нашата земја е неизоставен дел од опкружувањето во секојдневието и во општеството воопшто. Покрај презентираните содржини од страна на предавачите добија и печатени материјали кои подетално ќе им пружат информации за историјатот на концептот на доживотното учење и негова примена во претприемништвото.

Тематски во овие обуки акцент беше ставен на образованието на возрасните како неопходна алатка на секоја економија за хармонизација на пазарот на труд и борба за намалување на невработеноста.

Обуките дадоа увид и информации во следниве области:

- Теоретски основи на поимот „доживотно учење". Што е тоа доживотно учење?
- Улогата и значењето на доживотното учење за поединецот
- Придонесот на доживотното учење за заедницата и општествено – економскиот развој
- Европски документи и политики поврзани со доживотното учење
- Актуелни состојби: доживотното учење и образованието на возрасни во Република Македонија
- Законска регулатива и стратешки документи за образование на возрасни во Република Македонија
- Политики за развој на образованието на возрасни и доживотното учење во Македонија
- Примери од добрата пракса: Денови на доживотно учење како алатка за промоција на доживотното учење
- Деновите на доживотно учење во Македонија и нивното значење за подигање на јавната свест

Теоретскиот инпут од страна на предавачите беше збогатен со пленарна дискусија и дополнителни прашања од слушателите. Овие теми го разбудија интересот на учесниците на обуките за оваа тематика и им ја приближија суштината на доживотното учење.

Во евалуацијата која беше спроведена на крајот од секоја од обуките, учесниците позитивно се искажаа за резултатите од истите и пројавија интерес за посета и учество во идни активности од ваков карактер.

Во рамките на активностите за доживотно учење што се одржаа во Скопје беше организирана тркалезна маса во просториите на Центарот за образование на возрасни на сојузот на германските народни универзитети - ДВВ, на која присуствуваа стручни лица кои работат во претприемништвото и на полето на образованието на возрасните во земјава. Дискусијата се разви во насока на практичната примена на Закон за образование на возрасните и добрите практики на доживотното образование во претприемништвото. Тие разменија мислења и дадоа свои забелешки и коментари во врска со конкретните чекори и мерки регулирани со Законот и негово директно спроведување во насока на поголема достапност на берзата на трудот и вработливоста. Исто така, изразија подготвеност и иницијатива активно да учествуваат во реализацијата на акциониот план за реализација на целите на доживотното образование во претприемништвото. Претставници од Работничките и Народните универзитети во Р. Македонија, се едни од главните носители на образованието на возрасните во земјава, даваат свој активен придонес за промоцијата и развојот на доживотното учење во Македонија. Тие дискутираа за актуелните текови и конкретните чекори што треба да се преземат во имплементацијата на доживотното учење во претприемништвото, за да се одржи чекорот со европските трендови, односно за конкретни проекти (кампањи, конференции, работилници, образовни саеми) кои ќе имаат за цел да го сврат вниманието на граѓаните и да ја подигнат нивната свест за важноста и значењето на доживотното учење за секој поединец во нашите претприемнички кругови.

## 1.9 Организирање на обуки за локални консултанти

Обуката за локални консултанти се реализраше на повик на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ, во сорботка со "БАСМЕ Консалтинг и Тренинг" од 18-20 септември 2014 година во просториите на Машинскиот факултет Скопје. Целта на обуката беше зголемување на капацитетите на домашните професионални консултанти и обезбедување соодветни услуги на деловниот и административниот сектор во делот на менаџмент консалтингот. Обуката беше наменета за менаџмент консултанти т.е. лица кои обезбедуваат професионални консултантски услуги на деловни или административни субјекти, на кои во нивното работење им е потребно знаење на врвни светски методи на работење кое ќе можат практично да го имплементираат кај своите клиенти.

Методите и алатките кои беа предмет на обуката се:

- Фази во консалтинг процесот
- Алатка "Baldrige" за анализа на работењето на претпријатието
- Алатка за генерирање на Бизнис модели – КАНВАС
- Balanced scorecard (BSC) – алатка за стратешко планирање и менаџмент систем

Освен предавањата и дискусии за време на обуката беа правени и практични вежби со кои се долови практичната примена и полза од користење.

Учесниците добија и релевантни материјали во пишана и електронска форма кои ќе бидат од корист при практичното работење, а воедно и ќе им обезбедат пристап до поѓирока релевантна литература.

Во рамките на секоја област, преку практични примери и теоретски знаења и размена на искуства бе покриени следните теми на дискусија:

- пазарот на консултантски услуги во ЕУ и регионот,
- менаџмент консалтинг процес,
- презентација на алатка-бизнис модел КАНВАС,
- елементите за генерирање вредност и приходи на претпријатието,
- елементите за начинот на користењето на ресурсите и структурата на трошоците,
- основите на стратегиското планирање и амализа на состојбата
- стратегиска карта
- избалансирана карта на показатели

Специфични цели на обуката:

- Подобрување на разбирањето за консултантската професија и бараните вештини за да се биде успешен;
- Зголемување на капацитетот и компетенциите на менаџмент консултантите;
- Подобрување на способностите за презентирање на консултантските вештини и компетенции;
- Проширување на разбирањето на ефективниот и ефикасен консалтинг процес;
- Зголемување на капацитетот за себе спознавање во насока на одредување на своите лични компетенции и карактерни црти;
- Зголемување на капацитетот за спознавање на профилот на клиентот и неговите потреби;
- Зголемување на компетенциите за лична промоција и пристап до клиенти;
- Презентирање нак ритериумите, постапката и документацијата за стекнување на сертификатот CMC (Certified Management Consultant).

Селекција на учесници:

Учесниците на обуката беа таргетирани од рамките на базата на контакти на локални консултанти доставена од страна на Агенцијата за поддршка на препприемништвото, како и јавно достапниот каталог на локални консултанти објавен на веб страната на АППРМ.

Со оглед на ограничениот број на места наспроти бројот на потенцијални, квалификувани консултанти, во повикот беше објавено дека селекцијата ќе се врши на принципот прв пријавен – првуслужен. По објавата, до предвидениот рок, заинтересираност за учество и можност да присуствуваат на обуката покажаа

повеќе од предвидениот број на консултанти и обуката ја посетија и завршија 31 консултант.

*Тек и заклучоци од обуката:*

Обуката помина во исклучително позитивна атмосфера, нагласен интерес за следење на содржините за кои несомнено учесниците сметаа дека се соодветно избрани и од голема важност за нив како консултанти и за понатамошниот нивен ангажман. Како резултат на тоа учесниците покажаа особено голема интерактивност и преку дискусија и споделување на сопствените искуства и предизвици дополнително придонесоа за квалитетот и релевантноста на обуката.

## <u>1.10 Организирање на обуки за малите и средните претпријатија</u>

Бизнис Кофедерација на Македонија со потпишување на Договорот за набавка на услуги со Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија во периодот од 01.05.2014 година до 01.06.2014 година организираше и спроведе пет еднодневни обуки за подигање на свеста за придобивките од претприемништвото и зајакнување на вештините и знаењата на претприемачите од малите и средни претпријатија во Република Македонија. Во самата програма за подигнување на знаењето за претприемништвото одреден фокус беше посветен на женското претприемништво во соработка со Асоцијацијата на Бизнис Жени. На сите обуки учествуваа повеќе од 100 учесници кои имаа можност да се запознаат со основите на водење бизнис, можностите за вклучување активно во деловното опкржување и начинот на кој најдобро и најбезбедно се управува со претпријатие.

Обуките беа спроведени на неколку локации во Република Македонија. Согласно анализата и планот направен во Бизнис конфедерација на Македонија и Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија обуките организираа во следниве градови согласно доле наведениот редослед:

1. **Скопје, Хотел ТЦЦ Гранд Плаца 09.05.2014** со почеток во **09:00 час.** тема-

   Претприемачка култура основа за управување со семеен бизнис, значењето на МСП во Македонија и зголемување на конкурентноста на претпријатијата
2. **Охрид, Хотел Силекс** на **15.05.2014** со почеток во **09:00 часот.** тема – Претприемачка култура основа за управување со семеен бизнис, значењето на МСП во Македонија и зголемување на конкурентноста на претпријатијата
3. **Битола, Хотел Епинал 19.05.2014** на со почеток во **09:00 часот** на тема –

   Претприемачка култура основа за управување со семеен бизнис, значењето

   жените претприемачи за зголемување на конкурентноста на претпријатијата
4. **Гостивар, Општина** на **23.05.2014** со почеток во **09:00 час** на тема–

   Претприемачка култура основа за управување со семеен бизнис, значењето на МСП во Македонија и зголемување на конкурентноста на претпријатијата
5. **Дојран,Хотел Полин** на **27.05.2014** со почеток во **09:00 часот** на тема – Претприемачка култура основа за управување со семеен бизнис, значењето жените претприемачи за зголемување на конкурентноста на претпријатијата

На самите обуки презентери беа обучувачи/експерти од дадена област, но и исто така Бизнис Конфедерација на Македонија направи напори и покани гости предавачи од градовите каде се организираа обуките со цел

Од организациски аспект, Бизнис кофедерација на Македонија беше задолжена и за техничката организација и логистика за самите обуки вклучувајќи избор на локација, наем на сала, подготовка и печатење на материјали и кафе пауза за учесниците.

Присуството на учесниците беше обезбедено со подршка на секторотот за комуникација и врски со членството.

Во прилог на извештај како анекси ви ги доставуваме следниве материјали - презентации од обуките, програми  и листи на учесници.

Врз основа на изјавите на учесниците  по завршување на обуките, учесниците изразија големо задоволство од новото  стекнато знаење  и подвлекоа  дека се заитересирани за вклучување во локалните економски токови, истакнувајки голема подготвеност за споделување на нивните искуства со новите претприемачи .

## 1.11 Подготовка на годишен извештај – Обсерваторија за МСП

Неизвесноста од глобалната економска рецесија како и времетраењето на истата го мобилизира економскиот аналитички капацитет со цел да се идентификуваат ефектите од кризата врз домашната економија. Самиот процес на приближување на Република Македонија кон Европската Унија влијаеше врз зголемувањето на свеста кај релевантните институции за значењето и потребата од донесување на стратешки документи кои се во согласност со постојните и идните политики (кои се во функција на зголемување на конкурентноста на приватниот сектор). Следствено на сето тоа почнувајќи од 2004 година, во Република Македонија се изработуваат годишни статистички извештаи во кои се прикажува реалната состојба на секторот на малите и средните претпријатија во Република Македонија.

Примарна цел на Опсерваторијата е преку *ex post* анализа која се фокусира на учинокот од досегашните спроведени политики преку одржлив механизам за следење, анализирање и подготвување на извештаи во кои податоците се синтетизирани во стратешки препораки за креирање на проактивни ефективни и ефикасни политики во доменот на приватниот сектор.

При изработка на овие извештаи се користи методологијата која ја користи и Европската опсерваторија за мали и средни претпријатија од Холандија при изработката на извештаи за претпријатијата од Европската Унија.

Како главен извор на информации на Опсерваторијата претставува базата на податоци од Централниот регистар на Република Македонија (трговскиот регистар). Покрај овие податоци, Опсерваторијата  исто така соработува и со Државниот завод за статистика, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Министерството за економија, Министерството за финансии, комерцијалните банки, проектите финансирани од  донатори и други релевантни институции кои имаат информации за МСП и кои можат да придонесат во пишувањето на овој извештај. Со анализата беа опфатени повеќе области од работењето на малите и средните претпријатија како што се:

- Макроекономската состојба
- Правна рамка
- Претпријатија во република Македонија-големина и структура
- МСП и надворешна трговија
- МСП и вработувањето
- Финансиска состојба и финансирање на МСП
- Даночна политика
- МСП Иновации, истражување и развој
- Профитабилност, инвестиции и финансии

Идна заложба на Опсерваторијата е да започне со прибирање на податоци директно од претпријатијата. Ова ќе се спроведува во иднина на база на анкета каде што податоците за обработка би се добивале директно од страна на претприемачите.

### 1.12 Кофинасирање на донаторски проекти

Поради барање на проектите за кофинансирање на одредени активности, во рамките на оваа активност беа кофинансирани активности во рамките на проектот VIBE - Venture Initiative in the Balkan Europe и проектот Механизам за забрзување на иновации во Југоисточна Европа (ФИННО). За FINNO проектот, беше финансирана подготовка на прашалник, реализирање на анкета за иновативноста на МСП, како и подготовка на анализа согласно добиените резултати. Дел од средствата од оваа програмска активност беа наменети за реализација на VIBE проектот со кои беше поддржано работењето на проектот и реализација на одредени тековни активности и учество на партнерски состанок во Сараево. За кофинансирање на наведените донаторски проекти исплатени се средства во висина од 399.623,00 денари.

## 2. Активности на АППРМ кои не се опфатени со Програмата 2014

### 2.1 Активни политики за вработување за 2014 година

Во 2013 година беше успешно реализиран проектот на Владата на РМ - поддршка за самовработување  со грант. Во таа смисла, во текот на месеците јануари и февруари 2014 година, за овој проект беше подготвен Извештај за реализираните активности кои се однесуваа на обврските на АППРМ во проектот.

Како резултат на успешно применетите активни програми и мерки за вработување во 2013 година, Владата на РМ за 2014 година во Оперативниот план предвиде реализација на активните мерки на пазарот на трудот (АМПТ), што треба да ги реализира Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на РМ и Агенцијата за поддршка на претприемнштвото на РМ.

АППРМ зеде активно учество во изработката на Оперативниот план за вработување во делот на  самовработувањето, односно реализација на советувања и изработка на одржлив бизнис план.

### 2.1.1 Програма за самовработување со грант

Целта на програмата е намалување на невработеноста и отворање нови работни места преку поттикнување на претприемништвото и започнување на сопствен бизнис. Непосредна цел е да се создадат 950 вработувања.

Програмата ќе се реализира преку обука на заинтересирани невработени лица за осознавање на претприемништвото, изготвување на одржливи бизнис планови, помош при регистрација на сопствен бизнис и финансиска поддршка за започнување на бизнисот и/или финансиска поддршка за формализација на постојни бизниси на евидентирани невработени лица кои имаат искуство во вршење на дејноста.

Согласно „Програмата за Самовработување 2014" во текот на оваа година треба да бидат подржани 950 невработени лица од евиденцијата на активни баратели на работа на АВРМ во 900 ново - отворени правни субјекти.

Реализацијата на Програмата Самовработување започнува со проценка на секој кандидат за потреба од дополнителни обуки, осознавање за претходно претприемачко искуство или евентуално учество во неформален бизнис, како и проценка на нивното севкупното знаење. Понатаму, програмата се реализира преку обука на заинтересирани невработени лица за осознавање на претприемништвото, изготвување на одржливи бизнис планови, поддршка при регистрацијата на сопствените бизниси и финансиска поддршка за започнување на бизнисот и за дополнително вработување на едно лице.

За реализација на секое самовработување се предвидува поддршка со неповратни средства во висина на 203.155,00 денари, од кои 185.000,00 денари во вид на директна поддршка за набавка на опрема и/или репроматеријали, додека останатите 18.155,00 денари служат за поддршка во вид на основна обука за претприемништво и водење бизнис во времетраење од најмалку 30 часа, ваучер систем за изработка на бизнис план и поддршка при регистрирање на бизнисите.

Проектот е дел од Оперативниот план на Министерството за труд и социјална политика, а активни учесници и партнери во проектот се: УНДП, АВРМ и АППРМ.

Проектот се реализира во два циклуса во секој по пет фази:

I. Јавен оглас, пријавување, аплицирање и селекција на учесници;
II. Обука за деловно планирање и управување, развој на бизнис планови, селекција на најдобрите бизнис планови;
III. Регистрација на фирми, самовработување и потпишување на договор за грант,
IV. Набавка на опрема и/или материјали и
V. Дополнително вработување, потпишување на договор за грант и набавка на опрема и/или материјали[2].

Прва фаза

Оваа фаза ги опфати следните чекори:

[2] Чекорите од оваа фаза ги поминуваат само 50 идни претприемачи кои ќе доставаат издржани бизнис планови и веднаш ќе вработат едно лице за што ќе добијат финансиска поддршка за набавка на опрема и/или репроматеријали во износ од 92.000 МКД

а) Изготвување на Оперативни упатства,

б) Известување на јавноста – Јавен оглас,

в) Информирање на кандидатите за правата и обврските за мерката, потпишување на изјава за согласност, како и пополнување апликациони формулари – Пријава

г) Регистрација на апликантите во центрите за вработување и прва селекција според целни групи врз основа на тестирање, односно одговарање на прашалник.

Втора фаза

Првиот дел од оваа фаза беше реализација на четиридневна основна обука (30 часа) за водење на бизнис за 1.100 кандидати и обука со осветување за бизнис и претприемништво за 400[3] кандидати или вкупно за 1.500 кандидати.

Целта беше развој, осмислување и спроведување обука за самовработување и формирање нови фирми, наменета за подобрена подготвеност за работа преку градење индивидуални капацитети за претприемништво.

Обуката, во првиот циклус, ја заврши вкупно 726 кандидати кои беа рангирани од страна на селекциона комисија, а во вториот циклус дополнителни 700 кандидати или вкупно 1426 кандидати.

Вториот дел од оваа фаза беше изработка на 1050 одржливи бизнис планови во двата циклуси. Реализацијата на првиот циклус фаза подразбираше изработка на 624 одржливи бизнис планови за невработените лица, за вториот циклус уште дополнителни 427 бизнис планови. Првиот циклус се одвиваше во три фази, а вториот циклус во две фази при што беа организирани средби помеѓу кандидатите и советниците што резултираше со конечна изработка на предвидените бизнис планови.

Средбите беа организирани од страна на АППРМ при што беа пријавени и одбрани преку 100 советници од Каталогот на советници при АППРМ за изработка на бизнис плановите. Од пријавените советници невработените лица на транспарентен начин имаа можност да одберат консултант од веб страната на АППРМ со чија помош беше изработен одржлив бизнис план врз основа на идејата на кандидатите. Како административна поддршка на проектот за реализација на двата циклуса беа вклучени ОДП од Скопје, Охрид, Куманово, Велес, Битола, Тетово и Струмица. Средбите беа реализирани во ЦВ и резултатите се прикажани во следната табела:

| ПРВ/ВТОР ЦИКЛУС | Време на реализација | Место | Број на издадени ваучери | Број на изработени БП | Број на ангажирани консултанти |
|---|---|---|---|---|---|
| Прва фаза | 22-23 април | Берово, Битола, Велес, Гостивар, Дебар, Делчево, Кичево, Кочани, Куманово, Охрид, Скопје и Тетово. | 252 | 252 | 88 |
| Втора фаза | 7-8 мај | Валандово, Велес, Виница, Гевгелија, Гостивар, Демир Хисар, Кочани, Куманово, Неготино, Прилеп, Ресен, Скопје, Струга и Тетово. | 194 | 194 | 88 |

[3] Кандидати кои ќе го формализираат бизнисот

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Трета фаза | 20-21 мај | Битола, Гевгелија, Гостивар, Демир Хисар, Кавадарци, Кратово, Крива Паланка, Крушево, Куманово, Македонски Брод, Неготино, Охрид, Прилеп, Пробиштип, радовиш, Свети Николе и Скопје. | 178 | 178 | 74 |
| Четврта фаза | 10-11 јули | Берово, Битола, Велес, Виница, Гостивар, Дебар, Делчево, Демир Хисар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Куманово, М. Брод, Скопје, Струга, Тетово | 243 | 243 | 94 |
| Петта фаза | 24-25 јули | Битола, Валандово, Велес, Гевгелија, Гостивар, Кавадарци, Кочани, Кратово, К.Паланка, Крушево, Неготино, Охрид, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен Св. Николе, Скопје, Струмица, Тетово, Штип. | 184 | 184 | 75 |
| **СЕ ВКУПНО ВО ДВАТА ЦИКЛУСА 2014** | | | **1051** | **1051** | **100** |

За изработка на предвидените 1051 бизнис планови советниците беа потрошени вкупно 11.561 советнички часа, односно по 11 часа за еден бизнис план.

Од вкупно изготвените 1051 бизнис планови, експертска комисија составена од банкарски експерти и претставник од АППРМ, според однапред утврдени критериуми од страна на Проектниот одбор, изврши рангирање и најдобрите бизнис планови ќе бидат упатени во следната фаза, односно регистрација на претпријатието и реализација на грант за набавка на опрема.

Третата фаза која е во надлежност на УНДП и АВРМ ги опфаќа регистрација на фирма, самовработување и потпишување на договор за грант. Оваа фаза се реализираше во текот на месеците јули –септември 2014 година.

Четвртата фаза која е во надлежност на УНДП опфаќа:

- Набавка на опрема / репроматеријали,

Оваа фаза се реализираше од октомври - декември 2014 година.

Петтата фаза е дополнително вработување со користење на 92.000,00 денари кои се реализираа за 50 најуспешни претприемачи.

Покрај организацијата, логистиката и учество во реализација на проектот „Самовработување 2014”, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија нема свое финансиско учество.

Во текот на извештајниот период АППРМ, како партнер во проектот, зеде активно учество во реализацијата на Оперативните насоки за спроведување на проектот, односно:

- Учество во подготовка на концептот на  предлог проектот,
- Учество во подготовка на оперативните насоки, особено во делот на активностите на АППРМ,  со детален опис на активностите и задолженијата на вклучените партнери од страна на АППРМ, односно организациите за деловна поддршка.
- Учество во работните групи за реализација на оваа активна мерка, односно селекција на невработени лица од предвидените целни групи.
- Потпишување на меморандум за соработка помеѓу УНДП и АППРМ за реализација на фазата – организација и советување за изработка на бизнис планови за  невработени лица,
- Потпишани се Договори со 7 (седум) ОДП за реализација на оваа фаза од програмата Самовработување со грант.

За време на реализација на двата циклуса од оваа реализирани се следните активности:

- Селектирани се дополнителни советници за изработка на Бизнис план и ажуриран е прегледот на овластени советници,
- Направен е преглед на советници овластени за изработка на Бизнис план и истиот е објавен на веб страницата на АППРМ, во делот на ваучерско советување, Каталог на советници - http://www.apprm.gov.mk/sovetnici.asp,
- Изработени се Работни планови за првиот и вториот циклус по кои се одвиваа средбите помеѓу советниците и клиентите,
- Изработени се планови за работа на фазата за изработка на Бизнис плановите за двата циклуса одделено,
- На веб страницата на АППРМ објавен е распоредот на средбите помеѓу советниците и клиентите во двата циклуса, со можност сите овластени советници од базата на АППРМ, квалификувани и овластени за изработка на бизнис план, да се вклучат во проектот “Промовирање на одржливи вработувања III“ преку одбирање на настани, преку софтверското решение, на кои може да се вклучат во советување за изработка на Бизнис план за невработените лица,
- Имплементирано и надградено е софтверското решение за можноста клиентите самостојно да изберат овластен советник кои ќе им помогне при изработката на бизнис планот.

  Апликацијата се постави на веб страната на АППРМ на следниот линк: http://www.apprm.gov.mk/samovrabotuvanje/. На оваа страна секој советник доби можност да се пријави за изработка на бизнис план, за невработените лица вклучени во Програмата за самовработување, според однапред утврден редослед на настани (средби помеѓу советниците и клиентите), а клиентите врз основа на пријавените советници добија можност самостојно да одберат овластен советник кој е пријавен за работа во нивниот регион.
- Според интересите и можностите на советниците, како и потребите на АППРМ за задоволување на локалниот/ регионалниот принцип на

застапеност на советници, направен е преглед на пријавени советници по Центри за вработување и истиот е инкорпориран во апликацијата, односно софтверското решение,

- Изработена е листа на поврзувања помеѓу невработените лица селектирани од страна на Селекционата комисија и пријавените, односно одбраните советниците од Каталогот на АППРМ. Листата содржи точно место, ден и час на средбите кои треба да се одвиваат во центрите за вработување во рамки на првиот циклус од проектот "Промовирање на одржливи вработувања III".
- Со посебен документ известени се Регионалните центри и сите советници вклучени во проектот за точниот износ на средствата од грантот во висина од 185.000,00 денари со вклучен ДДВ, односно за можната набавка на основни средства, опрема и репроматеријали,
- Предвидените средби помеѓу советниците и невработените лица беа одржани во простории на секој центар за вработување согласно направениот план,
- Ажуриран е списокот на клиенти од сите фази од двата циклуса кои се откажале и тоа: веднаш или во фазата на изработка на Бизнис планот:
- По комплетирањето на списокот на клиенти кои не може да продолжат во проектот, повикани се кандидатите од резервната листа на кандидати од првиот циклус кои се контактирани и известени по телефон за можноста да продолжат во втората фаза од проектот, односно изработка на бизнис план.
- Од страна на Регионалните центри примени се сите клиенти кои, од оправдани причини, не биле во можност да се појавата на закажаните средби со советниците како би избрале советник и подигнале ваучер,
- Заклучно со 25.07.2014 година, во сите фази од двата циклуса, од страна на седум регионални центри беа издадени **1051 ваучери** за изработка на бизнис план на исто толку невработени лица од листата на невработени лица кои ја имаат поминато обуката за развој на претприемачки вештини,
- Бројот на издадените ваучери, во име и за сметка на АППРМ во сите фази вклучително и кандидатите повикани како резерва, по Регионални центри е као следи:
    - Од страна на Регионален центар Струмица издадени се вкупно 184 ваучери, од кои 24 Клиента се од ЦВ Берово, 8 од ЦВ Валандово, 6 од Виница, 20 од Гевгелија, 20 од Делчево, 37 од Кочани, 13 од ЦВ Радовиш, 25 од Струмица и 31 од Центар за вработување Штип,
    - Од страна на Регионалниот центар Охрид издадени се вкупно 129 ваучери од кои 23 клиента се од центарот на АВРМ Дебар, 21 од Кичево, 10 од Македонски Брод, 38 од Охрид и 37 од центар за вработување Струга,
    - Од регионалниот центар Куманово издадени се вкупно 167 ваучери од кои 14 за клиенти од центарот на АВРМ Кратово, 35 од Крива

Паланка, 75 од центарот на АВРМ Куманово, 26 од Пробиштип и 17 од Центарот за вработување Свети Николе,

- Од регионалниот центар Битола издадени се вкупно 197 ваучери од кои 75 од Центарот за вработување Битола, 14 од Демир Хисар, 18 од Крушево, 78 од ЦВ Прилеп и 12 од ЦВ Ресен,
- Од регионалниот центар Велес издадени се вкупно 91 ваучер од кои 35 од Центарот за вработување Велес, 32 од Кавадарци и 24 од Центарот за вработување Неготино,
- Од Регионалниот центар Скопје издадени се 152 ваучери, за исто толку за клиенти од Центарот за вработување Скопје.
- Од регионалниот центар Тетово издадени се вкупно 131 ваучери од кои 51 од Центарот за вработување Гостивар и 80 од Центарот за вработување Тетово,

▪ Од вкупниот број од 152 советници, овластени за изработка на Бизнис план од страна на АППРМ, изработен е список на 100 советници вклучени во проектот и број на клиенти превземени за изработка на Бизнис план од секој консултант поединечно,

▪ Известени се сите советници вклучени во проектот "Промовирање на одржливи вработувања III", за начинот и постапката на фактурирање согласно Прирачникот на процедурите за спроведување на програмата на ваучерско советување, како и можноста и начинот за повраќај на ДДВ,

▪ Од извештаите на советниците кои ги доставуваат до АППРМ, може да се заклучи дека најголем број од нив оствариле минимум по една средба со клиентите која се одржала кај клиентот и просечно секој консултант имал дополнително уште две средби со клиентите кој се одржале во простории на консултантот или регионалните центри,

▪ Организирана е достава до АППРМ, во електронска и печатена форма на сите **1051 Бизнис плана** изработени од страна на овластените советници и истите бизнис планови доставени се во УНДП,

Конечни резултати од двата циклуса:

✓ Предвидена изработка на 1050 бизнис планови,

✓ Изработени и доставени до УНДП - 1051 бизнис планови.

### 2.1.2 Поддршка за самовработување со кредитирање

Владата на РМ донесе одлука за реализација на проект за самовработување со кредитирање на околу 3000 невработени лица.

Овој проект е под водство на Агенцијата за вработување на РМ (АВРМ).

Во извештајниот период АППРМ, како партнер во проектот, зеде активно учество во реализацијата на следните активности:

✓ Оценување на мини бизнис планови во делот на критериумите за кое е надлежна АППРМ, односно:

- o во текот на изврештајниот период во рамки на осум циклуси оценети се вкупно 1.025 мини бизнис планови, во рамки на пет циклуси за млади до 29 години оценети се вкупно 415 мини бизнис планови или се вкупно 1.440 мини бизнис планови.

- ✓ Учество во работата на Управниот одбор на овој проект.

## 2.2. TEMPUS-DOCSMES

Во извештајниот период т.е. во **јануари 2014 година** беше објавен огласот за запишување во третиот циклус на програмата за Докторски студии по претприемништво и менаџмент иницирани во трамките на проектот ДОКМЕС од ТЕМПУС програмата на ЕУ. Информацијата беше доставена по електронски пат на клиентите од базата на податоци на АППРМ како и до мрежата на Регионални центри за деловна поддршка за натамошно дисеминирање и анимирање на локалните компании за учество на истиот. Информацијата исто така беше објавена и на порталот www.konkurentnost.mk заради можноста и пошироката јавност да биде запознаена со можноста за студирање на Програмата на Докторски студии, развиена според високите стандарди на Болоњскиот процес и искуството на други високошколски институциии во ЕУ.

Во мај 2014 година, како една од финалните активности на проектот беше учеството на АППРМ во својство на предавач пред студентите од втората и третата генерација на докторанти. Поводот беше искористен да се претставaт мерките на Владата на Република Македонија преку Програмата за претприемништво и конкурентност, каде како најзначајни проекти, меѓу другото, беа подетално претставени: ваучерскиот систем за субвенционирано советување, Инфо Пулт, како и програмата за активни мерки на вработување – Самовработување.

Исто така беа претставени и неколкуте меѓународни проекти во кои Агенцијата е вклучена како институција-парнер со придобивките и влијание кои истите ги имаат врз бизнис опкружувањето. Во следната година Се очекува да дојде и до потпишување на Меморандумот за ссоработка со Економскиот факултет од Прилеп, во прилог на континуитет и придобивките иницирани во проектот ДОКМЕС, но и како содржина во редовното работење на двете Институции во иднина.

Во последната недела на јуни 2014 година носителот на проектот УНИБО од Болоња беше во мониторинг мисија во АППРМ. За време на истата беше констатирано дека сите активности се успешно спроведени, заедно со проектната документација. Италијанскиот парнер изрази задоволство од соработката со АППРМ на проектот и предложи можност за идна соработка со АППРМ на други ЕУ програми како Horizon 2020, COSME, IPA и други. Со ова проектот официјално беше затворен.

## 2.3. Механизам за забрзување на иновации во Југоисточна Европа (ФИННО)

Проектот Механизам за забрзување на иновации во Југоисточна Европа (ФИННО) финансиран од страна на програма за ЈИЕ на ЕУ, во јануари 2014 година заврши со своите активности според првично предложениот проектен план. Во текот на тој месец беа финализирани дел од активностите кои беа започнати во текот на

минатата година, како на пример, финализирање на анализата за сегашните политики до државава кои се однесуваат на иновациите со однос на ТИАС матрицата, идентификување на недостатоците кои постојат во националните политики кои се однесуваат на иновациите и подготовка на препораки за подобрување на моменталните политики.

Сите овие документи се дел од анализата која ја подготви лидерот на проектот од Словенечката Агенција за иновации, во која се дава осврт по однос на овие прашања во земјите на Југоисточна Европа.

По завршување на проектот, независна ревизија беше направена на работењето на проектот, која не најде никакви забелешки на работењето на проектот. Финалниот извештај за проектот е доставен до канцеларијата на Европската делегација во Скопје.

## 2.4. VIBE (Venture Initiative in the Balkan Europe)

Проектот Инвестициска иницијатива во Балканска Европа – VIBEактивно ги реализира проектните активности со цел успешна реализација на проектот.

Во рамките на активностите беа реализирани неколку состаноци и тоа во месец Април во соработка со Балкан Унлимитед беше организирана инвеститорска работилница во Скопје на која присуствуваа петнаесетина еминентни бизнисмени и претприемачи на која се формираше клуб на бизнис ангели. Во рамките на оваа работилница се презентираа активностите на проектот се формализираше членството и се изгласа одборот на клубот. Во средината на месец Мај беше одржан петтиот по ред BalkanVentureForum во Сараево каде учествуваа фирми и иноватори од Македонија, покрај нив на форумот  присуствуваше директорот на АППРМ и проектниот координатор.

Во рамките на форумот се одржа и проектен состанок на кој се разговараше за тековните и идните активности на проектот. Исто така беа остварени дваесетина поединечни средби со фирми и иноватори на кои им беа презентирани активностите на проектот и беа поканети на форумот кој се одржа во Сараево.

## 2.5. Семинари, обуки, тренинзи

### 2.5.1 Обука на тема “Брендирањето и маркетингот“

Проектот на УСАИД - за унапредување на инвестирањето и извозот (ИДЕАС) и Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија на 27 Март 2014 година во Скопје, реализираа обука на тема “БРЕНДИРАЊЕТО И ИЗВОЗНИОТ МАРКЕТИНГ“ како продолжение на серијата семинари на тема „Извозен маркетинг“, но овојпат  задржувајки се подетално на брендирањето. Приоритет на обуката беше да ја потенцира важноста на процесот на брендирање и да го подигне нивото на знаење на учесниците за тоа како може да се изгради цврст, одржлив и општоприфатлив бренд. Воедно, целта беше учесниците да се запознаат со начинот на кој брендирањето ја зголемува вредноста на производите/услугите и ја јакне нивната конкурентност на меѓународниот пазар.

Македонските компании, преку своето бројно учество (34 регистрирани учесници ) искажаа дека темата е и повеќе од интересна и корисна за нивното работење. Најголемиот дел од присутните беа компании, консултанти, и претставници на образовни и други државни институции.




За одбележување е дека најбројни беа претставниците на компаниите од различни дејности, кои со своите коментари и дискусии на самиот настан, како и во листите за евалуација потврдија дека темата дополнително ги ангажирала за да ги споделат своите впечатоци, мислења и конкретни предлози со организаторите. Неоспорно, тоа дополително придонесе за квалитетот на настанот.




Евалуацијата на настанот базира на 26 пополнети пријави од страна на учесниците, според кои може да се извлече генерална констатација дека обуката е исклучително високо оценета. Тоа најмногу се однесува на методологијата и организацијата на настанот, но исто така и за корисноста и содржината на опфатените темите. Како и во претходните работилници, така и за оваа не изостануваат многубројните пофалби за предавачите и квалитетот на нивните излагања.

Посебно внимание секако заслужуваа забелешките и сугестиите на посетителите, а кои се однесуваат претежно на:

- Потреба одделни теми од вкупната содржина на семинарот подетално и посеопфатно да бидат разработени
- Поголема интерактивност помеѓу учесниците на обуката

- Меѓусебно запознавање и размена на сопствени искуства во конкретната област
- Кристење на некои од новите и иновативни медиуми за презентација
- Доследно придржување до Агендата на настанот
- Потреба насловот на обуката да соодветствува со соджината на темите кои се обработуваат (извозен маркетинг)

Во контекст на претходното, исто така, ги  наведуваме темите кои на предлог на учесниците  би можеле да претставуваат предмет на идна обработка:

- Брендирањето и заштита на правата од индустриска сопстевнот
- Вредност на брендот
- Методи за проценка на вредноста на компанијата и уделот на нематеријалните средства во бонитетот.

**2.5.2 Обука на тема "Деловен и дипломатски протокол"**

Во организација на проектот на УСАИД за унапредување на инвестирањето и извозот (ИДЕАС), во Скопје, на 10 и 11-ти април 2014 година, се одржа обука за "Деловен и Дипломатски Протокол„ наменета за релевантни претставници на институциите, меѓу кои беше поканета и АППРМ да учествува со свој претставник. Основната цел на оваа обука беше да се зајакнат капацитетите на вработените во институциите со кои работи Проектот ИДЕАС, во областа на професионализација на вештините и знаењата за дипломатски и деловен протокол.

Оваа обука овозможи учесниците да го зајакнат својот личен и професионален имиџ преку примена на стандардни меѓународни насоки за организирање на широк спектар на настани, состаноци и конференции, особено кога истите вклучуваат меѓународни и регионални деловни претставници; да ја подобрат својата способност за работа во меѓународна средина, да ги разберат клучните елементи на крос-културна комуникација; да стекнат вештини и компетентност во разни форми на деловна комуникација и точно да го разберат формалното социјално однесување.

**2.5.3 Обуки на тема "Развој на капацитетите на компаниите за освојување на извозни пазари во делот на производството и трговијата со облека " и "Извозниот маркетинг на услугите "**

Проектот на УСАИД - ИДЕАС и Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија реализираа уште две секторски ориентирани работилници од пошироката тема  - „Извозен маркетинг":

1. „Развој на капацитетите на компаниите за освојување на извозни пазари во делот на производството и трговијата со облека", 12.09.2014, Скопје и
2. „Извозниот маркетинг на услугите", 26.09.2014, Скопје

Македонските текстилни компании, преку своето учество (18 регистрирани учесници) имаа можност да добијат повеќе информации и да ги прошират своите знаења во делот на светските трендови во извозот на облека, истражувањето на пазарот, карактеристиките на успешна компанија извозник на облека, промоцијата и каналите на дистрибуција на текстилните производи. Воедно, работилницата беше

искористена и за размена на искуства и дискусии за можностите, но и проблемите со кои се среќаваат текстилните компании од Македонија на странските пазари.

Претставниците на услужниот сектор (присутни 19 учесници) со своето учество на работилницата имаа можност да се запознаат со најновите трендови во извозот на услугите, актуелната состојба во оваа област во земјите во развој и како да изградат поефикасен маркетинг пристап во освојувањето на нови пазари. Неоспорна придобивка за сите учесници беше и можноста да се разменат искуства од областа на извозот на услуги и да дискутираат за спецификите во пристапот и креирањето на сопствената маркетинг стратегија во пронаоѓањето на нови клиенти.

Воедно, работилниците беа искористени и за промоција на Прирачниците за извоз во областа на индустријата за облека и услуги, како корисни и практични алатки во подготовката и промоцијата на компанијата на странскиот пазар.

На работилниците учествуваа компании и консултанти од целните сектори.

Според коментарите, мислењата, препораките на учесниците на настаните, генерално можеме да заклучиме дека обработуваните теми се повеќе од интересни и корисни за нивното работење и истите се високо оценети.

Посебно внимание секако заслужуваа забелешките и сугестиите на посетителите, а кои се однесуваат претежно на:

- Потребата од одржување на повеќе работилници за да се подигне свеста кај менаџерите и вработените за влијанието на човечкиот фактор,
- Користење на практични примери, повеќе интеракција со учесниците и присуство на вистински извозници кои би ја поткрепиле теоретската основа,
- Потребата од конкретна помош, на пример консултанти за директна и персонализирана работа со фирмите, финансиска поддршка за конкретни настапи кои генерираат приходи,
- Неопходноста за излез на странски пазари што е скапа, (при тоа домашните компании не се спремни да инвестираат), но од друга страна многу исплатлива инвестиција.

## 2.6 Друго

### 2.6.1 Програма Еразмус Плус

Во април 2014 година, Агенцијата за поддршка на претприемништвото во својство на партнер аплицираше кон повиците објавени од Програма на Европската Унија за образование, обука, млади и спорт 2014-2020 – Еразмус Плус Програма, во Клучната Активност 2 (КА2) – Соработка за иновации и размена на добри практики и тоа на повиците кои се однесуваа на:

1. Воспоставување транснационални стратешки партнерства на полето на образование, обука и млади, со цел поддршка на развојот, трансферот и имплементацијата на иновативни практики на ниво на организација, локално, регионално, национално или Европско ниво.

1.1 Проектниот предлог во кој учествува Агенцијата цели кон воспоставување на практичен меѓународен програм за обука во подрачјето на трговијата (во три нови држави во Европа меѓу кои и Македонија), за да им се помогне на МСП да станат поконкурентни и да се поддржи развојот на компаниите на меѓународно ниво.

2. Секторско здружување за развој на вештини со цел справување со недостатоците од специфични вештини од одредени области.

   2.1 Проектниот предлог во кој учествува Агенцијата цели кон воспоставување на компјутерско управување и контрола на производствените процеси.

Резултатите од евалуациите на проектните апликации беа објавени во август 2014 година, каде што апликациите не беа селектирани за финансирање.

### 2.6.2 Извештај за НПАА Поглавје 20 - Претпријатија и индустриска политика

АППРМ е член во работната група за поглавје 20-Претпријатија и индустриска политика – Национална Програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА), во чии рамки се врши редовно одржување на состаноци и подготовка на извештаи за прогресот во областа на поддршката на МСП. Во извештајниот период подготвени се месечни, тромесечни извештаи, како и извештај за прогресот на реализацијата активностите на АППРМ за периодот септември 2013 година – април 2014 година. Исто така, АППРМ во рамките на своите надлежности учествуваше и во подготовката на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија ревизија 2015 година. Горе наведените податоци се вградени во извештаите за придонесот на Република Македонија и остварениот напредок и се доставуваат до Европската Комисија и Собранието на Република Македонија. Овој документ се подготвува од страна на Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија.

### 2.6.3 Бизнис кафе Македонија

Во согласност со дополнителните активности на АППРМ, кои опфаќаат учество во разни проекти, работилници и промоции беа превземени активности за учеството на “Бизнис Кафе“ средбите каде Агенцијата беше претставена како еден од факторите за поддршка на малите и средни претпријатија.

Учесници и презентери на својот бизнис беа:

Марина Анчевска, основач и генерален менаџер на Центарот за бизнис и психологија, Системски НЛП

Александар Манев, основач и директор на Фактор.мк

Ивана Колева, основач и сопственик на Се за роденден–прва и единствена продавница за он-лајн купување роденденски подароци.

Цел на овие работилници е промовирање на малите и средните бизниси и охрабрување на поединците да се осмелат и да тргнат по патот на сопствената идеја и бизнис.

## 2.6.4. Иницијатива за воспоставување Научно Технолошки Парк во Македонија

АППРМ воспостави соработка со институции/организации заинтересирани да ја промовираат и поддржуваат иницијативата за воспоставување Научно Технолошки Парк во Македонија. Во прилог на тоа, беа одржани состаноци кои резултираа со организирана посета на "Иновативната Зона – Солун" во мај 2014 година (АППРМ, ФИНКИ, 4ward итн.), во организација на консултантската куќа "Euroconsultants" од Солун, како основачи и менаџери на инкубаторот "I4G"во рамки на зоната. При посетата се реализираа средби со раководните лица и експертите кои менаџираат со субјектите во рамките на Зоната:

- Инкубатор "I4G – Incubation for growth" – инкубаторот цели кон потикнување и менаџмент на заењето и технолошките текови кои се разменуваат меѓу универзитетите, институциите за истражување и развој, компаниите и пазарите; обезбедување услуги со додадена вредност, заедно со високо квалитетна инфраструктура, придонесувајќи на тој начин кон економскиот раст на локалната заедница.
- "Technopolis" – ИКТ Бизнис Парк е резултат на иницијативата на асоцијациите на ИКТ компаниите од Северна Грција, како и јавните институции, со цел основање на првиот високо технолошки бизнис парк во Грција, решавање на некои од проблемите на компаниите како на пример локација на бизнисот, создавање на мрежа на модерни инфраструктурни и инвестициски можности како потик за развој на регионот.
- Технолошки Парк Солун во чија структура влегуваат централно управно тело и 5 истражувачки институти (хемиски, ИКТ, транспорт, применета бионаука, институт за истражување и технологии). Основна цел е спроведување на основно и применето технолошки ориентирано истражување, развој на нови производи и услуги со индустриско, економско и социјално влијание; акцент на искористувањето на резултатите од истражувањата и обезбедување истражувачко развојни услуги за поддршка на процесот на производство во компаниите.

Посетата резултираше со дискусија во врска со концептот на функционирање на Паркот од основањето до денес, развојната функција во регионот, перспективите за соработка и проширување на искуствата во поширокиот регион (Албанија, Косово и Македонија како перспектива). Воедно од средбата произлезе и потреба за реализација на работилница на која ќе се промовира иницијативата, ќе се споделат искуства и ќе се издиференцираат идните чинители кои ќе ја промовираат оваа иницијатива.

Работилницата се одржа на 28 Мај 2014 година во организација на ФИНКИ и АППРМ со поддршка на консултантската куќа "Euroconsultants", од Солун, македонската компанија 4ward и Меѓународната Асоцијација на Научни Паркови. На истата беа присутни 33 учесници и се презентираа различни аспекти на развојот на Научно Технолошките Паркови (НТП), според најдобрите практики на Меѓународната Асоцијација на Научни Паркови, како и анализи на успешни примери за развој на НТП во светот.

На работилницата, меѓу другото беше истакнато дека НТП треба да биде управуван од специјализирани професионалци, чија што работа ќе цели кон промовирање на

култура на иновации и конкурентност, помеѓу поврзаните бизниси и институциите базирани на знаење кое ќе резултира во зголемување на богатството на заедницата. За да се оствари оваа цел НТП стимулира и раководи со протокот на знаење и технологија меѓу универзитетите, R & D институциите, компаниите и пазарите; обезбедува и други услуги со додадена вредност, вклучувајќи и квалитетен деловен простор.

Реализацијата на оваа иницијатива подразбира соработка на деловниот и научниот сектор со поддршка од државата. АППРМ ги поддржува сите активности кои значат развој и промоција на МСП и претприемачите, бидејќи НТП мора да биде проект фокусирани на бизнисите и претприемачите, помагајќи им да растат и да станат конкурентни – "Бизнисот" е основната суштина на НТП. (НАУКА ВО НАСЛОВОТ / ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО ПРАКСА).

Чекорите сегашни и идни ќе значат превезмање на иницијативи кои имаат подлога и во мерките и препораките на Владата на Република Македонија, дека брзиот раст и развој на нашата економија може да се обезбеди само преку синергија на науката, особено кога е применета, со бизнисите кои подобрувањата ги применуваат на своите производи и услуги за да го најдат своето место на пазарот. Секако, државата треба да ги создава основите за успешна реализација на овој систем.

Во контекст на горе наведеното, АППРМ даде придонес и во работната група задолжена за подготовка на Информација до Владата на РМ, со план на активности во врска со Технолошки парк, од која произлегоа препораки за следните чекори во правец на ангажирање на меѓународен експерт или експектско тело (на пример Меѓународната асоцијација на научни паркови или нивна членка) со оперативно искуство во воспоставување и раководење на Технолошки парк/ови кој ќе направи детална анализа на постоечките потенцијали (универзитети, домашни компании и индустриски и ТИР зони), ќе препорача модел и намена на технолошки парк кој најмногу одговара на условите во Република Македонија. Подготовката на анализа на потребите за формирање на  Технолошки парк е поврзана со пронаоѓање финансиски средства од донатори.

**2.6.5. Стратегијата за претприемачко учење на Република Македонија**

На крајот на 2012 година Министерството за образование и наука (МОН) изрази интерес да соработува со Европската фондација за обука (ЕТФ) за изготвување на првата Стратегија за претприемачко учење за земјата. Одговарајќи позитивно на ова барање, ЕТФ учествуваше преку директни упатства, споделување на своето знаење и добрите практики, обезбеди техничка експертиза и контрола на квалитетот во целиот тек на изготвувањето на стратегијата. Во декември 2012 година ЕТФ ја поддржа организацијата на првата работилница со широка група заинтересирани страни, вклучувајќи ги и младите претприемачи.

Втората работилница беше одржана во април 2013 година. Нејзината главна цел беше презентирањето на предложените почетни активности за изготвувањето на Стратегија за претприемачко учење на Република Македонија.

Во периодот меѓу април и јуни 2013 година беа изготвени повеќе различни електронски алатки за вмрежување заради прибирање на дополнителни информации и идеи од страна на сите заинтересирани страни. По прибирањето на информациите и идеите преку алатките за мрежно поврзување и теренските посети

во текот на овој период, од страна на експертите се изготви извештајот за рекапитулација на добрите практики што беше презентиран на третата работилница во јули 2013 година.

Учесниците во работилниците што земаа активно учество во креирањето на оваа стратегија вклучуваа претставници од водечките државни институции, стопански комори, репрезентативни организации на работодавачите, организации за поддршка на бизнис заедницата, основни и средни училишта, универзитети, Бирото за развој на образованието, Центарот за образование на возрасни, Центарот за ССО, млади претприемачи, ЕТФ, претставници на донаторските организации, општините и останатите релевантни институции.

Главните начела на овој стратешки документ, според тоа, се засноваат врз сеопфатно истражување, поткрепено со меродавна литература поврзана со ПУ. Тие се:

- Градење на силна свесност кај сите граѓани, без оглед на нивната возраст, верска или национална припадност, дека претприемништвото може да се научи и дека претприемачите може да се создадат.
- Поддршка на креирање на иновативно општество со високо креативни и образувани луѓе.
- Практично ориентирани програми за олеснување на претприемачкото учење во формалното образование - бидејќи учењето за претприемништвото и иновации во формалното образование е посложено во споредба со останатите предмети.
- Успешното спроведување на оваа стратегија ќе обезбеди окружување кое ќе поттикнува соработка помеѓу клучните заинтересирани страни.
- Спроведувањето на најдобрите практики за претприемачко учење бара развој на соодветни/усогласени алатки за следење, мерење и добивање повратни информации
- Наставниците по претприемништво се клучни за ефективната стратегија за претприемачко учење.

АППРМ обезбеди континуирано учество во работата на Меѓуресорската група за подготовка и спроведување на Стратегијата за претприемачко учење на Република Македонија.

Во текот на 2014 година беа реализирани три работилници на Меѓуресорската група за подготовка и спроведување на Стратегијата за претприемачко учење на Република Македонија и тоа во февруари, март и април. Во ноември стратегијата беше усвоена од страна на МОН, односно Владата на РМ, а на 15.12.2014 година беше свечено промовирана во МАНУ.

### <u>2.6.6. Стратегија за поддршка на мали и средни претпријатија и претприемништво на Град Скопје</u>

На 15 мај оваа година беше организирана работилница на тема: Стратегија за поддршка на мали и средни претпријатија и претприемништво на Град Скопје, со Акционен план, за периодот 2014-2017 година. Организатори и водители на работилницата за подготовка на Стратегијата беа: градот Скопје, односно Секторот за локален економски развој и неколку професори од Економскиот институт во

Скопје. На оваа работилница претходеше одговор на подготвен прашалник за изготвување на стратегијата.

По воведната презентација од страна на Економскиот институт во Скопје, се работеше во три работни групи кои работеа на анализа, разработка и предлози во однос на следниве четири стратешки цели:

1. Зголемување на вработеноста и развој на човечкиот капитал во сектор претприемништво и МСП,
2. Стимулирање на креативност и иновативност,
3. Стимулирање на извозот и унапредување на меѓународниот перформанс на МСП на територијата на Град Скопје, и
4. Подобрување на пристапот до финансии и унапредување на условите за работа на претприемачи и МСП (амбиент, инфраструктура).

Претставникот на АППРМ зема активно учество во работната група која ги разработуваше втората и третата стратешка цел.

Основа на разработката, дискусијата, анализата и предлози претставуваше претходно изготвен материјал (матрици) за секоја стратешка цел, како резултат од одговорите на прашалникот од страна на сите партиципиенти.

АППРМ даде значаен придонес во работата на работната група. За одбележување беше предлогот да во стратегијата значајно место биде поддршката на претприемачите и МСП во делот на спроведувањето на нивните иновативни идеи во реални бизниси, преку користење на алатката – Ваучерски систем на субвенционирано советување. Во прилог на овој предлог беше даден примерот на градот Брно кој на ниво на град го спроведува Ваучерскиот систем. Предлогот предизвика голем интерес во позитивна смисла, но истовремено и размислување во смисла на финансирањето на истиот.

**2.6.7 Организирање на ИНФО денови за ИПАРД програмата**

Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ во соработка со регионалните центри во Струмица, Куманово и Тетово, како и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија (МЗШВ), и Телото за Управување со ИПАРД организираа инфо денови за промоција на можностите за кофинансирање на инвестиции кои се нудат преку ИПАРД Програмата 2007-2013.

По тој повод, поканивме физички и правни лица кои би биле заинтересирани да дознаат повеќе за можностите за добивање на ИПАРД средства за инвестиции за занаетчии, микро и мали претпријатија во рурални средини и инвестиции во преработувачка индустрија.

Презентациите на Инфо денот беа реализирани од страна на претставници од Телото за Управување со ИПАРД при МЗШВ и Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) во следните термини:

- на 20.10.2014 година во просториите на Домот на културата во Струмица со почеток во 13 часот,

- на 21.10.2014 година во просториите на домот на Култура (Трајко Прокопиев) во 11 часот, и
- на 22.10.2014 година во просториите на Советот на Општина Тетово на во 11 часот.

До крајот на месец октомври 2014 година, АФПЗРР распиша јавен оглас за доставување на барања од страна на физички и на правни лица за користење на ИПАРД средства, со тоа што финалните и детални информации по однос на ИПАРД (барање за користење на сресдтвата и упатствата) беа објавени на официјалната страна на АФПЗРР: http://ipardpa.gov.mk, по објавувањето на огласот.

### 2.6.8 Организирање обука на советници на АППРМ во делот на изработка на бизнис план за потребите на ИПАРД програмата

Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, согласно договорот со Министерството за земјоделство, водостапонство и шумарство за советниците на АППРМ организира еднодневна обука за изготвување на ИПАРД бизнис планови, особено за мерките 103 и 302. Обуката се одржа во Скопје на 07.11.2014 година со почеток во 10 часот. За таа цел АППРМ ги покани сите советници од Каталогот на советници со овластување за изработка на бизнис план. На обуката учествуваа 45 советници.

Обуката ја реализираа претставници од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Оваа активност на АППРМ, советниците ја оценија како многу корисна и искажаа подготвеност за нивно вклучување и во други активности во рамките на идната планирана соработка на АППРМ со Министерството за земјоделство, водостапонство и шумарство.

### 2.6.9 Меморандум за соработка со Факултет за природоматематички науки

Со цел развој и соработка во делот образованието и претприемништво, а во согласност со заедничките интереси и меѓусебната соработка на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија и Природо математичкиот факултет во Скопје на ден 02.07.2014 година беше потпишан меморандум за меѓусебна соработка. Потписниците на овој Меморандум се обврзуваат дека во рамките на својата примарна дејност, заеднички ќе делуваат и меѓусебно соработуваат во интерес на заедничкото делување и реализација на цели од заеднички интерес, на следните начини:

- Реализација на едукативни настани (специјализирани обуки, работилници и сл.) на теми поврзани со претприемништвото, поддршката на развојот на МСП и др.
- Размена на искуства и најдобри практики преку гостувања на претставници од Факултетот и Агенцијата во наставата или во настани кои ќе третираат теми од областа на претприемништвото, поддршката на развојот на МСП.
- Континуирана соработка и координација меѓу стручните лица од Факултетот и Агенцијата особено во процесот на изготвување на предлог документи или мерки за развој на МСП, каде крајни корисници би биле МСП.

- Соработка меѓу Агенцијата и Факултетот при промовирање и конкретно учество на експерти од Факултетот во Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претприејатија преку Програмската активност на Агенцијата - субвенционирано ваучерското советување.
- Учество во заеднички проекти во областа на високото образование, истражувачки проекти, проекти од областа на претприемништвото, промотивни проекти, проекти за развој и поголема конкурентност, интернационализација, институционализација и трансфер на знаења кон МСПи др.
- Други активности неспомнати погоре за кои двете потписнички страни ќе искажат интерес за соработка.

Заедничките активности и проекти ќе се реализираат на иницијатива и покана на една од страните потписнички на меморандумот.

### 2.6.10 Регионална Конференција за Женско Претприемништво – Размена на искуства, вмрежување и деловни средби

На 28 и 29 ноември 2014 година, во Скопје, се одржа "Регионална конференција за женско претприемништво- најдобри практики и вмрежување". Целта на Конференцијата беше размена на искуства и придонес кон развојот на женското претприемништво во Македонија преку размена на информации, искуства и знаења на истакнати жени претприемачи од Македонија, Србија, Бугарија, Словенија, Хрватска и Романија. АППРМ го поддржа настанот и преку презентација која се однесуваше на поддршката на женското претприемништво од страна на државата претставена низ сопствената програма во која жените претприемачи се посебна целна група и активности за поддршка на женското претприемништво редовно се реализираат. Покрај презентацијата на минатите и идни активности/резултати на АППРМ насочени кон женитите претприемачи, настанот беше искористен и за да се споделат информации и за други активности кои АППРМ ги спроведува, а оваа целна група може да ги користи.

Женското претприемништво може да излезе од рамката на микро и мали бизниси и да го зголеми бројот на вработени со почести деловни средби на регионално ниво, користење на советодавни и консултантски услуги и кредитни програми – беа препораките од Конференцијата. Во рамките на настанот, вториот ден од конференцијата беше наменет за трилатерална Компаниска Мисија каде се одвиваа однапред дефинирани и закажани деловни средби помеѓу компании раководени од жени претприемачи од Србија, Бугарија и Македонија. На средбите присуствуваа вкупно 47 компании.

### 2.6.11 Фестивал за хигиенски дизајн и храна

Македонската регионална секција, членка на Европската групација за хигиенско инженерство и дизајн (EHEDG), поддржана од Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија ќе организира настан "Фестивал за Хигиенски Дизајн и Храна" во Мај 2015 година, наменет за компаниите од прехранбента индустрија и сите придружни гранки кои го сочинуваат ланецот за производство на храна. Негова основна замисла е да им овозможи на македонските

компании од наведената индустрија, бесплатно и без никакви обврски, да се сретнат, претстават и разменат искуства и информации со сродни меѓународни компании, членки на Групацијата EHEDG International, а доколку оценат дека има простор, и да склучат договори за идна соработка. Со цел успешна и ефективна организација на настанот, АППРМ испрати прашалници до македонските компании од целната група, за да се добијат иформации со каков тип на компанија или производство компаниите би сакале да се сретнат. Понатамошните активности во правец на успешна реализација на овој настан предвидуваат вклучување и на институционалната мрежа на АППРМ, односно Регионалните Центри и ЕСА Центрите во организација на средби со компании на локално ниво. Овие средби ќе бидат искористени за презентирање на придобивките, можностите кои на македонските компании ги нуди настанот и самата мрежа.

**<u>2.6.12 Промовирање на активности на АППРМ во електронските медиуми</u>**

**1. Наша ТВ – емисија „ПРОФИТ“**

Како рефлексија на организираната сесија од страна на АППРМ во рамките на настанот „Европски ден на претприемачот & Европска недела на мали и средни претпријатија“ што се одржа на 29.10.2014 година во хотел Александар Палас во Скопје, презентерите на истата беа поканети од новинарот Марија Ѓорѓивска од Наша ТВ да учествуваат во емисијата „ПРОФИТ“ која се емитуваше во последната недела од месец ноември.

Во емисијата земаа учество:

- Доц. д-р Стојан Дебарлиев, Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј’’ во Скопје, Економски Факултет – Скопје,
- М-р Вера Бошковска, директор на Јавна Установа „Универзална Сала“ Скопје,
- Д-р Љубиша Николовски, АППРМ

Во емисијата од страна на Д-р Љубиша Николовски беше елаборирано за следново:

- специфики на малите бизниси,
- во која фаза од развојот на претпријатијата се појавуваат најголемите проблеми,
- пристап и мерки за да се надминат ваквите проблеми,
- влијанието на промените на пазарите врз работењето на компаниите,
- примена на иновациите на од страна на нашите компании заради намалување на загубите и вклопување во современите текови,
- институционална поддршка компаниите и активности кои ги спроведува АППРМ на ова поле.

**2. Македонско радио – емисија „АКТУЕЛНО“**

На покана на Македонското Радио „Радио Скопје“, односно новинарот Зоран Трајчевски, на 03.12.2014 година, директорот на АППРМ Мустафа Мандал и раководителот на сектор за институционална поддршка и трансфер на знаење Д-р Љубиша Николовски, учествува во емисијата „АКТУЕЛНО“ каде беше разговарано „во живо“ за поддршката на претприемачите и малите и средните претпријатија (МСП) од страна на АППРМ во делот на:

- ваучерскиот систем на субвенционирано советување – целни групи и начин на пристап до овој вид на поддршка,
- зголемување на конкурентноста на МСП и извоз преку постигнување соодветни стандарди,
- обуки на претприемачите и МСП заради зголемување на нивните компетенции и способности,
- пристап до информации преку проектот „ИНФО ПУЛТ“ реализиран преку повеќе центри во Република Македонија,
- можности за вклучување на претприемачите во активни мерки за вработување – самовработување со грант и самовработување со кредитирање.

**3. Македонска телевизија – “Берза на трудот“**

На покана на Македонската телевизија, одосно новинарот Сузана Фиданска, раководителот на секторот за поддршка на претприемништвото и истражување и член на Експертската комисија за оценување на бизнис планови при Програмата за самовработување со грант, Маријан Стојчев, со свое излагање учествуваше во снимањето на емисијата “Берза на трудот“.

Во оваа пригода детално беа објаснети процедурите за учество на невработените лица во Програмата за самовработување како и целиот процес од пријавување на кандидатите, обуките кои ги следат, изработката на бизнис план, па се до оценување на бизнис планот според дадените критериуми, самовработување на кандидатите и добивање на грантот.

## <u>3. Финансиски извештај</u>